„Работничката класа во поголемите германски центри почнува да зазема порешавачки и позаканувачки став. Еден убав ден ќе биде од ова еден убав танец".

Карл Маркс со голем интерес ја следи сета литература што се однесува на економските и политичките настани. Така, кога неговата ќерка се наоѓа на свадбено патување во Париз, тој во едно писмо од 11. април 1868 г. ја моли да му набави разни книшки и каталози од Librairie Internationale. Во врска со тоа Маркс се обраќа на ќерка си и вели: „Тебе секако ти изгледа мила моја ќерkичко, дека сум од книгите просто опседнат, штом Те давам со нив во еден таков несоодветен миг. Но тука многу би грешела. Јас сум само машина, која е осудена да ги голта и потоа изменети да ги исфрлува на сметиштето на историјата..."

Вакви значајни податоци од овие вредносни забележувања на Маркса среќаваме повеќе. Тие заокруглуваат една бележлива страница од големиот Марксов летопис.

Прилогов претставува само една страница од богатата биографија на Маркс, а во исто време придонесува за запознавање на неколку моменти од неговиот интимен живот.

За достапноста на овој избор од богатата Марксова кореспонденција, освен на издавачот, треба да му оддадеме должно признание и на редакторот и преведувачот.

**Ј. А.**

**ПРИЛОЗИ II, 2 (1971)** списание на Одделението за општествени науки при Македонската академија на науките и уметностите

Последниот број на Прилози, иако само со две статии, содржи извонредно драгоцен нов материјал за историја на македонскиот народ. Поради тоа ќе се задржиме малку повеќе на него.

Во првата статија на Методија Соколоски под наслов „Охрид и Охридско во XVI век" (стр. 5—37) врз основа на два оригинални пописни дефтери од 1519 и 1583 година, што се чуваат во турските државни архиви во Истанбул и Анкара, Соколоски дава досега потполно непознати податоци за бројната состојба на градовите Охрид, Струга и селата на Охридската нахија во XVI век, нивната социјална структура и занимање, нивната положба во Турската држава, нивните даночни обврски или ослободувања од извесен вид државни даноци во замена на други специјални обврски, како и за појавата на вакафите и вакафските имоти во Охридско и Струшко и нивната улога.

Според Соколоски, во XVI век Охрид бил седиште на истоимен санџак во кој влегувале 6 кази, односно 22 нахии, од кои еден добар дел се наоѓал во териториите на денешна Албанија. Тогаш Охрид имал 2665 жители од кои 1350 муслимани, а 1315 христијани, додека Струга имала 1205 жители од кои 290 само муслимани. Според Соколоски секој четврти или петти муслиман во Охрид бил исламизиран христија-

нин, а секој трет муслиманин во Струга исто така исламизиран христијанин.

Охрид спаѓал во хасовите на охридскиот санџак-бег, додека Струга со 8 околни села спаѓала во хасовите на самиот Султан.

Покрај рибарството, како основна професија на христијанското население покрај Охридското Езеро, друго главно занимање на населението во Охрдско и Струшко било земјоделието и тоа: во Охридско лозарството, а во Струшко одгледувањето на житните култури. Меѓу градското население на Охрид тројца железари и еден сабјар биле ослободени од плаќање на даноците харач, ушур и испенџе во замена на што вршеле поправки на охридската тврдина. Рибарите од маалото Канео, како и стружаните што биле задолжени да го поправаат и чуваат мостот на далјаните во Струга, биле исто така ослободени од сите диваниски аваризи. Соколоски регистрирал 49 ловишта на риби и далјани на целото Охридско Езеро, реките Црни Дрим и Студенчишта кои му донесле на султанот приход од 284.860 акчина годишно, сума прилично висока за она време.

Добар приход носел тогаш и струшкиот панаѓур, надалеку прочуен во Охридскиот санџак и надвор од него.

Преку една табела од 96 населени места во Охридската нахија, заклучно со Охрид и Струга, Соколоски ни го дава во посебни графи бројот на домакинствата по вера и брачна состојба, како и за некои од нив и имотната состојба. Тој дошол до заклучок дека во рамките на Охридската нахија во 1519 год. имало 50 феудални поседи од кои 2 биле хасови, 5 зеамети и 43 тимари. Важен е неговиот заклучок дека од 1520-та година натаму се засилила исламизацијата во Охридската нахија, како и во другите нахии во Македонија за кои има и порано Соколоски пишувано, така што веќе во 1583 година во целата Охридска нахија, заедно со градовите Охрид и Струга, имало вкупно 1390 муслимани од кои 700 биле исламизирани христијани.

Соколоски ни дава и 14 дервенџиски села и неколку соколарски, како и содржината на нивните привилегии во замена на нивната напорна работа во одржувањето сигурноста по патиштата на дервените.

Од табеларните прегледи што Соколоски ги изработил и приложил кон својата статија се гледа дека по бројот на домаќинствата најголеми села во Охридската нахија биле тогаш: Вевчани со 180 домаќинства, Мешеишите со 90 домаќинства, Делгожде со 87 домаќинства, Требеништа со 86, Стеблеево со 80 и Лубаништа со 71 домаќинство.

Посебно поглавје во статијата им посветил Соколоски на вакафите и вакафските имоти што обично биле приклучени било кон некои од верските и просветните установи на Охрид, Струга и другите населби било да постоеле како самостојни. Во целата Охридска нахија во XVI век Соколоски набројал 38 такви вакафи од кои повеќе од половината, околу 20 биле само во Охрид, еден во Струга, 5 во блиските села на Охрид, а за другите 12 сѐ уште не можел да го фиксира точното место на нивното постоење, макар што сепак поголем дел од нив

предполага дека се наоѓале во Охрид и Охридско. Како најглавен вакаф го смета вакафот на Синан Челеби, прикрепен кон едно теке и едно училиште во Охрид.

Снабдени со непокретен имот составен од ниви, лозја, бавчи чифлизи, дуќани, бањи, воденици, валавици и сл. или со пари во готово, вакафите од верски добротворни установи брзо се претвориле во XVI век уште во лихварски установи шот со високи камати од 15% ги наплатувале долговите што ги земале селаните и граѓаните од нив. Вкупниот лихварски капитал од 235000 акчина на сите вакафи од Охридската нахија претставувал, според Соколоски, импозантна сума која носела лихва од 35000 акчина годишно нови пари кон главнината. Како карактеристично за охридските вакафи било тоа што меѓу нив имало дури и вакафи што ги формирале две жени.

Не се задржавме на другите многу интересни и инструктивни детали што ни ги нуди оваа статија, а што досега беа потполно непознати за нашата општествено-економска и културно-просветна историја. Во секој случај, статијата на Соколоски претставува вистински придонес кон нашето слабо познато минато на овој наш важен регион од Македонија.

Втората статија на овој број на Прилози е од Александар Матковски под наслов: Црковни давачки (Kilise Resumleri) во Охридската архиепископија (1371—1767).

Извонредно големото богатство од податоци на битолските сицили, прибрани во Архивот на Македонија во Скопје, не служат само за проучување на турската управа во Македонија, ни за отпорот на нашиот народ против таа управа изразен во разни форми туку, што е за изненадување, овие сицили даваат богат материјал и за положбата на Охридската архиепископија во турската држава, за положбата на нејзините највисоки раководители и нивните суфрагани, за нивниот однос кон турската централна власт, поконкретно за нејзините даночни обврски кон султанот и други лица, за начинот на нивното собирање и нивната големина и др. Токму последниве податоци ги извлекол Александар Матковски од сицилите на битолскиот кадилак, ги средил и систематизирал и ни ги претставил во гореспоменатата статија.

Навистина ние и досега знаевме и по некој податок за даноците и таксите на православните христијани и црковните лица кон својот архиепископ и на овега обврските во глобал кон султанот, но сето тоа беше не така сигурно базирано на автентичен материјал, како што сега во оваа статија на Матковски се дава. Впрочем, и самото претпочитување во проучувањето на турските даноци пред црковните даноци беше едно од причините на овие да не им се обрнува толку голема важност кога постоела и дејствувала Охридската архиепископија.[1])

---

[1]) Нешто малку за црковните давачки во свое време напишав во мојата статија под наслов: „Прилог кон изучувањето на друштвено-економските и политичките прлики на Македонија во XVIII век“ во списание ГИНИ II, 1 стр. 131—132.

Откако ја повторува познатата констатација дека Охридската архиепископија била единствена предтурска установа во Македонија која не само што се задржала туку и уживала извесна ограничена внатрешна автономија со правото да прибира и даноци, такси и друг вид приходи, Матковски додава дека турската држава умеела да ја искористи оваа установа дури и како трансмисија за надополнување на својот државен фискус. Пресиленото тврдење на Матковски во уводот дека таа била најбогата феудална установа на христијаните во понатамошниот тек на излагањето се намалува со тоа што не само што под притисокот на даноците и таксите нејзиното богатство и на нејзините раководители се намалувало туку и самата Охридска архиепископија толку се задолжила што на крајот и под теретот на тие долгови и самата ќе пропадне.

За поголема прегледност на црковните давачки Матковски во својата статија ги дели овие на две групи: давачки што македонскиот народ во разни форми ги доставувал на Охридската архиепископија и давачки односно даноци што црквата како институција ѝ ги давала на османската држава.

Даноците, таксите и другите видови приходи што ги прибирала Охридската архиепископија биле, според Матковски, следниве:

1. Патријаршискиот данок кој се состоел од 12 акчиња од секоја христијанска куќа и по 1 златник од секое свештено лице;

2. Приходи од порано затечените или во време на турскиот период добивани од христијаните неподвижни имоти во ниви, лозја, градини, ливади, воденици, валавици, пчеларници, рибни ловишта, добиток и слично. Овие објекти работени обично со ангарија на христијаните биле ослободени од плаќање за нив на турската власт вообичаени даноци — аварзи диванние, текалифи урфие, а понекогаш и од десетокот на спахијата;

3. Приходи од оставнините по смртта на умрените архиепископи, митрополити, попови, калуѓери и други црковни лица, како и на секој христијанин кој умрел без да оставил наследник и на чие наследство полагала право црквата;

4. Приходи од завештанија на црковни и световни лица кои, бидејќи без наследници, уште за животот написмено ги ветувале своите имоти;

5. Такси од венчавки од спорен карактер за коишто било потребно одобрение на највисокиот орган на Архиепископијата;

6. Приходи од повремени собирања на помошти за Охридската архиепископија во крајна потреба;

7. Приходи од ракополагање на црковни лица;

8. Приходи од таксата таканаречена зарари касабие што секој верник што заклал добиток морал да ја даде;

9. Приходи од таксата на зејтин, таканаречена зејтие и

10. Приходи од продажба на епархии испразнети поради смртта на нивните дотогашни раководители или по друг повод.

Ми се чини дека митрополитскиот данок, енориатиконот, епархискиот десеток, таксите од пана-

турите и од пангарите би требало да се групираат во посебна графа како приходи кои не ги приоирала самата Охридска архиепископија, како што тврди Матковски, туку нејзините подрачни органи и за нивни потреби.

Вториот вид даноци што била принудена да ги дава самата Охридска архиепископија на османската држава ги обработил Матковски во посебна глава. Тоа бил прво пешкешот што секое високопоставено црковно лице го плаќало за да го добие документот, таканаречениот берат, од султанот за своето поставување. Висината на пешкешот за охридскиот архиепископ се движела од 60000 до 104000 акчиња, за митрополит, односно владика, од 4000—6400 акчиња. По смртта или детронирањето на некој султан морало да се подновува плаќањето на овој пешкеш на новиот султан. Друг данок што Архиепископијата морала да го плаќа е џизие или харач, чија висина пред укинувањето на Охридската архиепископија изнесувала 163000 акчиња. За неплаќањето на џизието се губела архиепископската столица, поради што и голем број од охридските архиепископи се задолжувале како би можеле да го исплатат овој тежок данок на султанот. Со данокот џизие биле оптеретени и другите црковни лица, освен 15 лица, веројатно, од најтесниот апарат на самата Охридска архиепископија кои биле ослободени од него. Најодзади, Охридската архиепископија плаќала и еден друг вид данок на државата чиешто име предизвикувало забуна кај историчарите. Тоа бил данокот мирие. Според документите од битолските сицили, Матковски утврдил дека овој вид данок се земал паушално во висина од 60000 акчиња годишно.

Покрај досега набroените црковни давачки, коишто Матковски ги смета за вообичаени, Охридската архиепископија плаќала и други повремени давачки во пари или во натура на османската држава чијашто висина не била утврдена.

Големиот број на црковните давачки што легнале главно врз плешките на селското население и селското свештенство, нивната не баш така мала висина, како и понекогаш грубиот начин на нивното собирање од страна на повисоките црковни органи на Охридската архиепископија, предизвикувале отпор изразен во жалбите и протестите на селаните и ниското свештенство пред локалните па дури и пред повисоките турски власти. Задолжувајќи се понекогаш кај турските вакафи и кај македонските трговци за да ги исплатат овие свои даноци, а нестасувајќи да ги платат своите долгови и високи камати на нив, селаните честопати бегале и ги напуштале своите земји. За црковните лица кои се противеле да ги плаќаат своите црковни даноци била предвидена цела скала од казни, одобрена и пропишана од султанот со специјален ферман. Тој факт зборува доста јасно за привилегираната положба на Охридската архиепископија во турската држава и макар во поблага форма изразен и нејзиниот експлоататорски карактер над своето истородно население.

Базирајќи ги своите тврдења и заклучоци врз автентичната документација што му ја дале битолските сицили, како и другите

турски документи објавени во неколку збирки од овој пеирод, Матковски со оваа своја статија ги продлабочува нашите досегашни доста скромни познанија со нови податоци. Да се надеваме дека Матковски ќе направи чекор напред и ќе ги насочи своите истражувања за да направи макар и приближна споредба на црковните давачки спрема давачките на христијанското население кон турската држава и по тој начин уште порелјефно да го определи местото на црковните давачки во општиот збир на другите давачки на нашиот народ.

**Љ. Л.**

**ГЛАСНИК НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА,** Скопје 1972, XVI, бр. I, стр. 318; бр. 2, стр. 322; бр. 3, стр. 327

Неодамна во издание на Институтот за национална историја во Скопје излегоа од печат трите броја на списанието „Гласник". Веќе стана долгогодишна традиција Институтот за национална историја во Скопје навреме да се појавува три пати годишно со своето реномирано списание „Гласник" кое ги црпи своите историски написи од реномирани научни работници главно занимавајќи се со историјата на македонскиот народ.

Првиот број на списанието обилува со богата и најразновидна содржина од македонската историографија.

Најпрво е поместена статијата на Хенрих Батовски „Историја на политичките граници и територијалниот облик на Социјалистичка Република Македонија" (с. 7—22). Навистина статијата е напишана уште 1947 година, но таа, иако во скратена форма, ни до денеска не ја намалила својата важност и интерес за читателот, особено за оние научни работници кои се занимаваат со македонската историја. Авторот македонската државна граница ја обработува најпрво надвор од територијата на СФРЈ, во соседна Албанија, Бугарија и Грција, а потоа македонската државна граница во рамките на СФРЈ, т.е. во сегашна Вардарска Македонија која денеска има 25 713 км$^2$.

Предмет на обработка во статијата „Развојниот пат на СКОЈ во периодот на НОБ и Народната револуција во Македонија 1941—1945 година" (с. 23—38) од Владо Ивановски е организациониот развиток на младинската организација СКОЈ во Македонија во периодот на 1941 до 1945 година.

Следната статија е на Александар Апостолов „Специфичната положба на македонскиот народ во Кралството Југославија" (с. 39—62). Врз основа на своето долгогодишно истражување во домашните архиви, библиотеки и други установи, а работејќи подолг временски период на соодветната проблематика, Апостолов доста аргументирано и убедливо ни изнесува некои специфични моменти од историјата на македонскиот народ во Кралството Југославија од 1918 до 1941 година, осврнувајќи се првенствено на неколку поважни